# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕЛОВНО КОМУНИЦИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИИ ВО ТУРИЗМОТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2102-288/3 од 26.6.2018 година донесена на 190. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 26.6.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор во вонреден професор д-р Александра Жежова за област **деловно комуницирање и комуникации во туризмот** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Членови на Рецензентска комисија во состав:

- **проф. д-р Андон Мајхошев**, вонредовен професор, вработен на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, претседател;
- **проф. д-р Драган Груевски**, редовен професор, вработен на Факултет за информатички и комуникациски технологии при Универзитет „Св.Климент Охридски" – Битола, **член**;
- **проф. д-р Златко Јаковлев**, редовен професор, вработен на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, **член.**

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 6.6.2018 година и во предвидениот рок се пријавија двајца кандидати: доцент д-р Александра Жежова и доц. д-р Александра Цибрева-Јовановска, која имаше некомплетна документација (нема оригинал државјанство, ниту копија заверена на нотар).

Врз основа на приложената документација од кандидатките, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика (факултет) да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Александра Жежова** е родена на 3 септември 1980 година во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје со континуиран солиден успех. Додипломските студии ги завршува на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје, каде што дипломира со средна оценка 9,79 на Филозофскиот факултет. Истата година е прогласена за најдобар студент на Филозофскиот факултет. На истиот факултет ги завршува и постдипломските студии, со највисок просечен успех 10,00, на тема „Општествените промени и стапката на самоубиства во Република Македонија" и се стекнува со звање магистер по социолошки науки. Во периодот 2005/2006 година е демонстратор на Филозофскиот факултет. Во 2010 година, на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје ја брани докторската дисертација на тема „Информирањето на печатените медиуми за современите морални предизвици во Република Македонија" и се стекнува со научен степен **доктор на социолошки науки.**

Од декември 2013 година е вработена како **доцент** по група предмети од областа на комуникациите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и на Воена академија „Генерал Михаило Апостолски" на прв циклус студии. Покрај редовните студии, вклучена е и во постдипломските студии на насоката Бизнис логистика.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

Со Одлука бр. 2602-1070/3 на 23.12.2013 година е избрана за доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната област комуникации во туризмот.

1. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Koteski,C, Josheski,D, Dimitrov,N, Jakovlev, Z,Bardarova,S,Kotesk i,G and **Zezova,A.** | Multimedia Performances for Pragmatic Tourism | Journal of Tourism and Hospitality Management ISSN 2328-2169, February 2014, Vol.2, No.2, 60-66 | Од 2003 год. 15 год. |
| 2 | Jakovlev,Z Koteski,C, Bardarova,S, **Zezova,**A, Dzambazoski, Koteski,G | Animators Roles in Enriching the Content of Tourist Stay | Journal of Tourism and Hospitality Mangment, ISSN 2328-2169, March, 2014, Vol.2, No.3, 133-139 | 0д 2003 год. 15 год. |
| 3 | Boskov, T., Bishev, G., Radjenovic, Z.,**Zezova, A.** | An Empirical Research on the Correlation between Human Capital and Career Success: Serbian and Macedonian Banking Sector | Mediterranean Journal of Social Sciences, 8 (1). pp. 279-284. ISSN 2039-2117 (online) ISSN 2039-9340 (print) | Од 2010 год. 8 год. |
| 4 | Jakovlev,Z. & Serafimova, M.& Koteski, C. & **Zezova, A.** | Entrepreneurship and management of animation in tourism | Economic Development Journal of the Institute of Economics (1-2). pp. 307-320. ISSN 1409-7893 | Од 1999 год. 13 год. |
| 5 | Boskov,T. Jakovlev, Z., **Zhezhova, A**. | Accessing finance fostering entrepreneurship in tourism industry: The case for Republic of Macedonia | 5 th PAR International Leadership Conference. | Од 2013 5 год. |

2. **или три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години**.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Jakovlev, Z. & Koteski, C. & Dimitrov, N. & Josheski, D. & Serafimova, M. & **Zezova, A.** | *Basic socioeconomic parameters for promoting tourism in the municipality of Dojran in the Republic of Macedonia.* | Wulfenia Journal, 23 (2). pp. 523-535. | ISI Web of Science IF: 0.267 |
| 2 | Boskov, Tatjana and Temelkov, Zoran and **Zezova, Aleksandra** | Euroisation in the Western for Balkans: The Evidence Macedonian Economy. | Journal of Social Sciences-MJSS, 8 (2). pp. 307-316. ISSN 2039-9340(Print) / 2039-2117(Online) | SI Web of Science IF: 0.267 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката д-р Жежова е вработена како **доцент** по група предмети од комуникации на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр.2602-1070/3 на 23.12.2013 г.).За време на изборниот период покривала повеќе предмети на прв и втор циклус студии.

Во изборниот период кандидатката д-р Жежова за потребите на наставата на Факултетот на туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има издадено интерни скрипти и практикуми, како и позитивно рецензирани наслови, и тоа:

Позитивно рецензирана скрипта:

**Жежова А**. (2018). ***Деловно комуницирање*** *– рецензирана е-скрипта.* Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (ISBN 978-608-244-505-2) и

Позитивно рецензиран практикум:

**Жежова, А.** (2018)**.** ***Деловно комуницирање*****,** *рецензиран е-практикум* при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (ISBN 978-608-244-538-0).

Кандидатката д-р Жежова покажува придонес во оспособувањето на млади истражувачки кадри како ментор на поголем број студенти за дипломски трудови. Нејзиниот научен интерес е од областа на комуникациските аспекти на развојот на туризмот, јавната администрација, како и бизнис логистиката, надополнет со промовирање на нови иновативни начини на негово унапредување. Д-р Жежова има позитивна оценка од евалуација од страна на студентите.

***Научноистражувачка дејност***

Во изборниот период кандидатката д-р Жежова е автор и коавтор на големиот број научни трудови објавени во меѓународни списанија, монографии, стручни книги и е учесник во научноистражувачки проект.

Во време на изборниот период кандидатката д-р Жежова ги има публикувано следните монографии и научни книги во земјава и во странство, кои имаат научноистражувачка, но и стручно-апликативна примена:

**Жежова А**. (2018). ***Деловно комуницирање*** *– рецензирана е-скрипта*. ISBN 978-608-244-505-2. *Ракописот е рецензирана е-скрипта наменета првенствено за студентите кои ги изучуваат предметите Култура на изразување и комуникација и Деловно комуницирање на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип. Се состои од десет глави во кои се разработени основните поставки, потребата и значењето на комуникациски аспекти во деловниот свет. Н*еоспорен е фактот дека со редовна комуникација со тимот со кој работите може да ја обезбеди клучната платформа за создавање поддршка помеѓу вработените, а со тоа ефективната комуникација да создаде чувство дека секој е дел од решението.

1. **Жежова, А.** (2018)**.** ***Деловно комуницирање*****,** *рецензиран е-практикум на* Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (ISBN 978-608-244-538-0).

*Ракописот е рецензиран е-практикум наменет за студентите кои ги изучуваат предметите Култура на изразување и комуникација и Деловно комуницирање на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип. Се состои од шест глави во кои се разработени основните поставки, потребата и значењето на комуникациските аспекти. Целта е* студентите со деловната комуникација освен информативно да се запознаат и проблемски, што е основа за критичко опсервирање на настаните во сферата на комуникациите. Овој недостаток се дополнува со изборот на темите и начинот на обработката во практикумот. *Основна цел е да служи како учебно помагало при спроведување на вежбите, па претставува надополнување на материјата која е разработена во е-скриптата „Деловно комуницирање“.*

**Жежова, А.** (2017)**. Психологија во туризмот, рецензирана е-скрипта на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (ISBN 978-608-244-456-7).** Скриптата *се состои од десет дела, преку кои се согледува* темелноста и сеопфатноста на значајноста на психологијата во туризмот која претставува дополнување на научно-стручната литература

за туризмот и придонес за развојот на психологијата на туризмот во нашата земја. Направен е обид да се објасни зошто луѓето патуваат, како го доживуваат тоа патување и сето она што им се случува во текот на тоа патување. Во контекст на горенаведеното, авторот придонесува студентите да се стекнат со потемелни знаења од сферата на психологија на личноста, од психологија на меѓучовечките односи.

2. **Zhezhova, A**. (2016). *Print media informing about moral challenges in the R.Macedonia*. LAP LAMBERT Academic Publishing, Germany. (ISBN 978-3-659-82231-5). *Проблематиката која се разработува во оваа книга е како печатените медиуми известуваат за современите морални предизвици*. Медиумските информациски презентации и природата на мас-комуникациските содржини веќе одамна не се плод на едноставна прибирачка и опишувачка дејност која дава само елементарни известија и описи на социјалниот живот. Низа чинители на современото општествено живеење им овозможија на медиумските активности да ги преобразат сопствените комуникациско-информациски содржини од чиста колекционистичка и дескриптивна емулзија во една целесообразна општествена дејност, во една хумана активност. Комуникациско-информациската содржина и самата медиумска пракса се надгради и конституира како нешто повеќе од прибирање на факти, нешто повеќе од опишување на настани.

3. **Zhezhova, A.**, Boshkov Tatjana, *HRM Communications and HCC Satisfaction Facing the Banking Sector,* LAP LAMBERT, Academic Publishing, 2017. (ISBN 978-620-2-07370-7) Анализирајќи го влијанието на човечкиот капитал врз постигнувањето успех во кариерата, клучна улога има секој поединец во турбулентната средина на пазарот на трудот. Банкарскиот сектор исто така е интензивен за човечки капитал и игра клучна улога за банките во исполнувањето на нивните цели и нудење на услуги за своите клиенти. Денес владеењето на напредокот на технологијата, глобализацијата и принципите на „економија на знаење". Ова е причината за секој поединец кој ја гради својата кариера да размислува како да биде најдобар и како да го подобри квалитетот на работата. Исто така, банките треба да вклучат поактивна обука и развој за вработените.

4. **Жежова, Александра**, *Социо-психолошките детерминанти на туристичките патувања,* самостоен издавач „2-ри Август", 2015 (ISBN 978-608-4662-57-0). Книгата го третира социопсихолошкиот аспект на туризмот како нематеријална вредност за материјалните добра. Потребата да се патува се јавува како чувство на притисок, напнатост или недостаток на нешто, проследена со желба тој недостаток да се отстрани т.е. да се задоволи таа желба со што би се намалиле непријатноста и притисокот. Причините за туристичките патувања, пред сè, треба да се бараат во потребите и различните начини на задоволување на тие потреби, односно подобро кажано во неможноста дома да се задоволат некои потреби или истите да се задоволат на одреден начин. Целокупното човечко однесување, индивидуалната и општествена активност се условени со тенденција да се задоволат разновидни потреби.

5. Серафимова, М., Петревска, Б., Јаковлев, З., Котески, Ц., **Жежова, А.** (2016) ***Современи предизвици на претприемништвото и туризмот во Република Македонија***. Издавач*:* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, (Одлука бр. 2102-139/3 на 28.3.2016 г.). ISBN 978-608-244-300-3. *Монографијата ги третира состојбите и предизвиците на претприемништвото и туризмот во Република Македонија од повеќе аспекти, надополнета со податоци за временска и просторна компаратива и е наменета како дополнителен материјал за студентите при нивната изработка на проектни и дипломски работи*.

6. Koteski, C., Jakovlev, Z., Petrevska, B., **Zezova, A**., Serafimova, M. (2016); *Determining tourist events in east region of the Republic of Macedonia,* LAP LAMBERT Academic Publishing, Germany. ISBN 978-3-659-86291-5. Монографијата ги сумира податоците од релевантни истражувања од туристичките настани во Источниот дел на Македонија. Главата на д-р Жежова се однесува на комуникациските достигнувања во функција на современиот туризам. Новата технологија, брзиот развој на интернетот, доведоа до големи промени кои не ја одминаа ниту туристичката дејност. Современиот развој на туризмот е условен од промената на туристичката побарувачка, на која туристичката понуда континуирано се приспособува. Информациските системи во туризмот го олеснија традиционалниот начин на работење на туристичките агенции.

**Трудови објавени во научно списание опфатено со SCI/CA:**

7. Koteski, C, Josheski, D, Dimitrov, N, Jakovlev, Z, Bardarova, S, Koteski and **Zhezhova**, A *Multimedia Performances for Pragmatic Tourism*, Journal of Tourism and Hospitality Management ISSN 2328-2169, February 2014, Vol.2, No.2, 60-66. Влијанието на аудиовизуелните и дигиталните техники стануваат главни ресурси во секојдневниот живот, а интердисциплинарната трансформација на туристичката промоција и анимација веќе се применува во модерниот туризам. Овој развој и примена на современите медиуми и дигитализацијата во сите области на општествениот живот вклучува практика на совршено профитабилен, квалитативен и прагматичен туризам.

8. Jakovlev, Z, Koteski, C, Bardarova, S, **Zhezhova, A,** Dzambazoski, Koteski, *Animators Roles in Enriching the Content of Tourist Stay*, Journal of Tourism and Hospitality Mangment, ISSN 2328-2169, March, 2014, Vol.2, No.3, 133-139. Во овој труд акцент е ставен на успешната анимација на посетители, аниматорите кои мора да изведуваат многу сложени, тешки и динамични задачи. Професионалното извршување на задачите подразбира потреба аниматорот да биде целосна личност. Ова значи дека не само што мора да има добро образование, туку и да се специјализира за одредени активности. Аниматорите мора да имаат одредени основни физички и психолошки карактеристики, како и одредени комуникациски вештини во комуникацијата со туристите. Денес целиот туристички сектор се базира на анимирање на туристите.

9. Boskov,T. Jakovlev, Z., **Zhezhova, A**. „Accessing finance fostering entrepreneurship in tourism industry: The case for Republic of Macedonia in the 5th PAR International Leadership Conference. Поради фактот што туризмот има моќ да направи значителни инвестиции и доверба меѓу актерите во туризмот, потребни се соодветни одлуки донесени од локалната заедница. Овие инвестиции се потребни за развој на туризмот, бидејќи туристичкиот бизнис е идентификуван како водечки фактор за вработувањето и растот на економијата, генерално. На овој начин, важно е да се нагласи основното значење на управувањето со човечките ресурси и претприемништвото. Преземената студија има за цел да ги испита непосредните ефекти од пристапот и користењето на финансиите врз тековниот контекст на туризмот, истакнувајќи ги влијанијата врз туристичкото претприемништво во Македонија.

Boskov, T., Bishev, G., Radjenovic, Z., **Zhezhova, A.** (2017) *An Empirical Research on the Correlation between Human Capital and Career Success: Serbian and Macedonian Banking Sector.* Mediterranean Journal of Social Sciences, 8 (1). pp. 279-284. ISSN 2039-2117 (online) ISSN 2039-9340 (print). Трудот го опфаќа разбирањето на влијанието на човечкиот капитал врз постигнувањето успех во кариерата, кој е од суштинско значење за секој поединец на пазарот на трудот. Банкарскиот сектор е значаен за човечкиот капитал и игра клучна улога за банките во исполнувањето на нивните цели, нудат услуги на своите клиенти, вклучувајќи ги и комуникациските вештини.

Boskov, T, Temelkov, Z and **Zhezhova, Aleksandra** (2017) *Euroisation in the Western Balkans: The Evidence for Macedonian Economy.* Mediterranean Journal of Social Sciences-MJSS, 8 (2). pp. 307-316. ISSN 2039-9340 (Print) / 2039-2117 (Online). Трудот се однесува на високото ниво на евроизација е вообичаено земјите во развој во Европа, како и во земјите со режим на фиксен девизен курс. Факт е дека трансакциите би можеле да заземат место надвор од банкарството, што не е случај за девизните и девизните депозити. Ова е причина да се користат податоци за индекс за замена на валута. Овој индекс е висок за Македонија што укажува на високо ниво реална евроизација.

Jakovlev, Z., Koteski, C., Dimitrov, N., Josheski, D., Serafimova, M., **Zhezhova, A.** (2016)***. Basic socioeconomic parameters for promoting tourism in the municipality of Dojran in the Republic of Macedonia.*** Wulfenia Journal, 23 (2). pp. 523-535. (ISI Web of Science IF: 0.267) Трудот ги сумира основните социо-економски параметри за недостаток од работна сила во туризмот и угостителството и предлага начин на нивно менаџирање, што заедно со подобрувањето на сместувачките капацитети ќе овозможат надминување на постојните недостатоци во Општина Дојран.

Jakovlev, Z., Serafimova, M**.,** Koteski, C., **Zhezhova, A.** (2015) ***Entrepreneurship and management of animation in tourism.*** Economic Development Journal of the Institute of Economics (1-2). pp. 307-320. Претприемништвото, управувањето и организацијата како

сложени процеси во анимацијата на туризмот и нивната условеност од ефективните знаења, комуникациските вештини, способности и искуства на менаџерот.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

**Трудови во стручно (научно-популарни) списанија**

10. Boshkov, T., **Zhezhova, A**. (2015), *Enhancing the Ability of education in prevention of the trafficking in human beings,* International Scientific Conference: Crisis Management: Challenges and Prospective, 18.11.2015, Skopje, Macedonia.

11. **Zhezhova, A.** (2014) *The supposed and the real role of mass media in a modern society*, Second International Scientific conference Knowledge – capital of the future, Ohrid - R.M 21-23 May 2014. Информациските потреби на современиот човек веќе не можат да се задоволат без постоење на медиумите, кои всушност и претставуваат едно од основните обележја на современото општество. Брзите социјални промени, бројните иновации, подобрувањето на квалитетот на животот и опаѓањеo на некои традиционални форми на контрола и на власт го следаат и влијаат на развојот на масовните комуникации. Сето тоа доведува до формирање на еден посебен однос со јавноста, а со тоа и преиспитување на улогата на медиумите во современото општество.

12. Koteski, C., Jakovlev, Z., Dimitrov, Bardarova, S., Koteski, G, **Zhezhova**, A. *Construction and meaning micro reservoirs for agricultural development in the municipalities of Prilep, Dolneni I Krivogastani in Macedonia*, Sumen Bugarija, Tretata megunarodna konferencija 12-13-09-2014. Во овој труд се обработуваат поглавја кои се однесуваат на животната средина и климатските елементи како фактор за изградба на микрорезервоари, избор на локации каде што може да се изградат микрорезервоари, краток опис на сите изградени вештачки микроакумулации од страна на општините, употреба на микро - како дисперзирани резервоари, рекреативната популација, заштита од ерозија, заштита од поплави и заштита на животната средина.

***За време на изборниот период, кандидатката д-р Жежова активно учествува во научноистражувачки проект и тоа:***

13. Учесник во проектот „Детерминирање на туристичките настани во Источниот регион на Република Македонија“ (проект на ФТБЛ финансиран од Фондот за научноистражувачка работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип) (2015-тековно);

14. Учесник во проектот „Врвови на светската филозофија, историја и психологија со психоанализа“ при Министерството за култура 2016-2018.

Во изборниот период, кандидатката д-р Жежова е член на повеќе факултетски органи и комисии и тоа:

15. Наставно-научниот совет при Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

16. Комисија за запишување нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски студии (Одлука бр. 2602-665/ на 5.6.2014 за 2014/2015 год. Одлука бр. 2102-286/13 на 20.5.2015 за 2015/2016 год. Одлука бр. 2102-183/7 на 25.4.2016 од 2016/2017 год. Одлука бр.2102-279/10 на 29.5.2017 за 2017/2018).

17. Член на Комисија за самоевалуација на Факултетот за туризам и бизнис логистика (Одлука бр. 2102-117/11 на 14.3.2016).

18. Претседател на Одбор за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за туризам и бизнис логистика (Одлука бр. 2102-574/7 на 1.12.2016).

19. Рецензент на е-скрипта под наслов „Култура на изразување и комуникација во претприемништвото“ од Серафимова, М., Џамтоска-Здравковска, С. (2014) *и е-практикум од* Серафимова, М. (2016). *Практикум по култура на изразување и комуникација во претприемништвото*, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, (ISBN 978-608-244-282-2). (Одлука бр.2602-1447/4 на 19.12.2014 за е-практикум и Одлука бр.2602-875/5 на 4.7.2014).

20. Во 2018 год. се стекнува со Certificate of Achievement Create Yourself Workshop leader, по спроведена обука за личен развој и унапредување на комуникациски вештини.

Истовремено, д-р Жежова има извршено стручна редакција на превод од англиски на македонски јазик и беше дел од проектот „Врвови на светската филозофија, историја и

психологија со психоанализа“ за потребите на Министерството за култура:

21. „Разбирање на човечката природа: Психологија на личноста“, Алфред Адлер;
22. „Природата на предрасудите“, Гордон Олпорт;
23. „Човекот како предмет на знаење”, Борис Герасимович Анањев;
24. „Моќта на волјата: Повторно откривање на најважниот квалитет на човекот“, Рој Баумајстер и Џон Тирни;
25. „Прирачник за психологија на личноста“, Филип Кор и Џералд Метјус;
26. „Прирачник за разрешување конфликти: теорија и практика“, Мортон Дојч, Питер Колман и Ерик Маркус;
27. „Психологија на рекламирањето“, Боб Фенис и Волфганг Штребе;
28. „Прирачник за социјална психологија“, Сузан Фиске, Даниел Гилберт и Гарднер Линдзи;
29. „Социјална когниција: од мозок до култура“, Сузан Фиске и Шели Тејлор;
30. „Вовед во социјална психологија“, Мајлс Хјустон, Волфганг Штробе и Клаус Јонас;
31. „За шегите однатре: примена на хуморот за реконструирање на умот“, Метју Харли, Даниел Денет и Реџиналд Адамс Јуниор;
32. „Интимни односи“, Роланд Милер;
33. „Менаџмент и однесување во организацијата“, Лори Мулинс;
34. „Карактерни квалитети и доблести: прирачник и класификација“, Кристофер Петерсон и Мартин Селиџман;
35. „Разбирање на мотивацијата и емоциите“, Џон Маршал Рив;
36. „Прирачник за науката за мотивацијата“, Џејмс Шо и Венди Гарднер;
37. „Креативност: прирачник за наставници“, Ај ГрлТан.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Доцент д-р Александра Жежова, вработена на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, е пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област деловно комуницирање и комуникации во туризмот и угостителство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на анализата на приложената документација се воочува дека кандидатката д-р Александра Жежова активно публикува научни трудови со оригинални резултати во референтни меѓународни списанија, активно учествува со оригинални трудови на значајни меѓународни конференции и се јавува како учесник во научноистражувачки проекти од областите на интерес. Покрај научноистражувачката дејност, кандидатката успешно одржува настава на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на прв и втор циклус студии и на прв циклус студии на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“. Оттука, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Александра Жежова има извонреден придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, а во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип кандидатката д-р Александра Жежова да биде избрана во звањето вонреден професор од наставно-научната област деловно комуницирање и комуникации во туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Андон Мајхошев, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Драган Груевски, редовен професор, член, с.р.**
**Проф. д-р Златко Јаковлев, редовен професор, член, с.р.**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Александра Жежова (2013-2018)**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Избрана во звање доцент | 30 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **30** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Монографија или научна книга во земјата Реф. 1, 2,3, 6, во странство реф. 4, 5, | 4 | 10 | 2 | 15 | **70** |
| 2 | Дел од монографија или научна книга во земјата Реф. 7, во странство реф. 8 | 1 | 6 | 1 | 10 | **16** |
| 3 | Трудови објавени во научно списание опфатено во (SCI) реф.9-15 | | | 7 | 3 | **21** |
| 4 | Трудови објавени во научно списание опфатено во (CA) реф. 16, 18 | | | 2 | 3 | **6** |
| 5 | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | **8** |
| 6 | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **125** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 7 | Труд во стручно (научно-популарно) списание реф. 17 | 1 | 2 | | | **2** |
| 8 | Учесник во научен проект реф.14, 15 | 2 | 5 | | | **10** |
| 9 | Член на универзитетски комисии реф.16,17,18,19 | 7 | 2 | | | **14** |
| 10 | Член на рецензентска комисија | 2 | 2 | | | **4** |
| 11 | Стручни награди и признанија, реф. 21 | 1 | 4 | | | **4** |
| 12 | Елаборати и експертизи, стручна редакција, реф. 22-38 | 17 | 2 | | | **34** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **68** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **223** |